НА 25 ФЕВРУАРИ ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА

# "Златна бубамара" со шоу за античките Македонци

"Златна бубамара на популарноста", манифестацијата за која секогаш се бара билет повеќе, закажана е за 25 февруари, во Универзалната сала, во 20 часот.

Шоуто во кое најпопуларните од јавниот живот ги добиваат наградите за најдобри во минатата година ќе се одржи по 12. пат.

Мотото на програмата оваа година е "Шоу за сите антички и словенски Македонци". Од тимот на Радио Бубамара, организаторот на настанот, велат дека на 25. вечерта европските принципи и слободата на говорот ќе бидат издигнати на највисоко ниво. Режисерот на програмата Ранко Петровиќ по традиција не го открива сценариото, но вели дека во него ќе има повеќе од она што гледачите ќе можат да си го замислат и да си претпостават.



На ланското издание Игор Џамбазов одржа трогателен говор за Тоше

- И ова 12. издание ќе биде вечер што ќе се прераскажува со децении. Најавуваме многу смеење и забава. "Златна бубамара" е манифестација што е прифатена со консензус и гледаност од граѓаните над 40 проценти - вели Петровиќ во свој стил. Билетите ќе бидат пуштени во продажба на 12 февруари. *(М.Џ.)*

# Влатко и Бодан на цедето "Севдалинка"

Музиката на Влатко Стефановски и на Бодан Арсовски ќе се најде на сараевското цеде "Севдалинка" или "Сараево лов сонг". Идејата на овој албум е познати музичари од Балканот да учествуваат во преработка на севдалинките, со своја верзија.

На ова цеде Бодан, како дел од "Кватро бас", ќе учествува со преработка на севдалинката "Лепи су мостарски дуќани". Влатко, пак, заедно со Дамир Имамовиќ, ќе работи на песната "Што ли ми се Радобоља мути".

На албумот ќе работат и: Зерина Цокоја, Јадранка Стојаковиќ, Мирослав Тадиќ, Теодосиј Спасов и други... *(В.М.)*

# КЛАБИНГ ИНФО

Клубот **"Колосеум"** во Скопје ја почнува новата сезона со журови преместени од четврток за петок и со светски супердиџеј за почеток. Станува збор за Дарен Емерсон, човекот најпознат како дел од култното дуо "Андерворлд". Тој е трет пат кај нас. Стандардно, почетокот на забавата е во 23 часот, а цената на влезниците е 300 денари во претпродажба во скопските кафулиња и 400 на врата.



Дарен Емерсон

***

Клупскиот викенд во Скопје ќе биде обележан од концертот на "Пи-Ем-Џи колектив", кој ќе се одржи утре во клубот **"Ретокс"** во Скопје. Ова е трета промоција во живо на вториот албум на "Пи-Ем-Џи колектив" - "Пријателски оган" и прв концерт по балканската турнеја од која се врати неодамна. По концертот, Мирко Попов ќе има свој сет. Почетокот е во 23 часот, а цената на влезниците е 150 денари.



"Пи-Ем-Џи колектив"

***

Викендов во скопските клубови почнува вечерва во клубот "Ретокс" со Илина и со Нино Наумов. Во **"Инди-паб"** вечерва има драменбејс вечер "Течна кујна" со Дарко Степиќ и со Хајпертек, а утре - забава "Скопје клабинг" со диџеите Базел и Танчевски од "Полукс". Во клубот **"Сектор 909"** вечерва се Виш.ко и Ајсберг, а утре таму ќе биде Томи Бојаџи. Во кафе-барот **"Чакра"** вечерва "Пушти музика" со Душти, утре таму ќе бидат Базел и Дарко - Пацки, в недела "Грејтест хитс" со Гога и со Бојан, а в понеделник - нова резиденција на Доли Рокер. В недела во клубот **"Кастро"** - драменбејс вечер со Гејмовер и со Славе. Вечерва во мезе-барот **"Сопотско"** е Јане од "Офпоп", а утре Иан Штраф од "Три минитс ин д' рејн" ќе биде задолжен за музичкиот избор. Во **Клубот на новинарите**, претходната сабота започна новата резиденција на Антонио Димитров од "Еври кид он спид", во барот **"Филис"** вечерва се Видиновски и Мачки, а во **"Љубов"** викендов - Дарко Марковски и Далибор Таневски. Вечерва во **"Мала станица"** - афробит вечер.

***

Во новоотворената дискотека **"Импакт"** во Велес вечерва ќе гостува диџеј Бабура, а утревечер велешани ќе ги забавува Феки Фарис. Влезот за овие журки е бесплатен.

*i.iliev@vest.com.mk*